# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „*РИМСКО ПРАВО* – ПРАКТИКУМ“ ОД АВТОРОТ АС. ДОК. Д-Р ДИМИТАР АПАСИЕВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката со арх. бр. 1102-69/49 од 113. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, одржана на ден 19 февруари 2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- Проф. д-р **Гоце Наумовски**, Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- Проф. д-р **Војо Беловски**, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготувување на извештај/рецензија на приложениот ракопис „РИМСКО ПРАВО – ПРАКТИКУМ (КОДИФИКАЦИИТЕ НА РИМСКОТО ПРАВО)“ од ас. док. д-р Димитар Апасиев наменет за студентите од прв циклус студии при Правниот факултет на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

* * *

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет при УГД го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### *I. Општи податоци за ракописот*

Ова учебно помагало т.е. интерен електронски Практикум од авторот асистент-докторанд д-р Димитар Апасиев носи наслов „РИМСКО ПРАВО“ со поднаслов „Кодификациите на Римското право“.

Наменет е за студентите од прва година на Правниот факултет при УГД коишто во вториот (парен/летен) семестар го слушаат задолжителниот предмет Римско право со број на часови 3+2+2, кој носи 8 ЕКТС кредити.

Приложениот ракопис е во согласност со Наставната програма / силабусот по конкретниот предмет и опфаќа теми кои се покриени во курикулумот т.е. наставната материја за студиската програма за која е наменет – правни студии (сите насоки).

### *II. Податоци за обемот ракописот*

Приложениот интерен практикум за рецензија содржи 127 страници уредно отчукан текст, технички среден и лекториран на литературен македонски јазик, во стандарден B5 формат, со единечен проред и големина на фонт 11, согласно со интерните правила и упатства на издавачот.

Ракописот на практикумот содржи 112 фусноти и 41 библиографски единици (поделени на: Класични и средновековни дела; Стручни и научни книги и публикации; Статии т.е. трудови од домашни и странски еминентни автори и правни романисти; Специјализирани енциклопедии и речници; Интернет страници).

Според предвидениот број на часови по годишниот т.е. семестрален распоред, како и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип – обемот и содржината на вака приложениот ракопис ги задоволува постоечките зададени критериуми.

***III. Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Според нашите сознанија досега, во македонски услови, на ниво на држава е објавен само еден практикум од сличен вид, кој се користи на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и тоа од професорите Мирјана Поленак-Аќимовска и Владо Бучковски, *Избор на текстови од Римското право*, Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, 1995 (во четири досегашни реизданија).

Но, за разлика од наведеново дело од сличен вид, овој ракопис е специфичен бидејќи опфаќа една малку поинаква материја од горенаведениот практикум, осврнувајќи се подетално на кодификациите кои постоеле во текот на милениумското важење на прочуеното Римско право – и тоа од неговите први почетоци, па се до неговиот крај т.е. поделбата и распадот на империјата (VIII век пр.н.е. – VI век н.е.).

Оттука, сосем оправдано цениме дека поднесениот ракопис, од научно-стручен аспект, е зрел за објавување заради детално запознавање на младите сруденти по право со првичните архаични правни институти, концепти и сфаќања од најстариот период на развојот на римското право и неговите први почетоци, како и педантно следење на нивниот историски развој во еден поширок општествено-економски контекст.

***IV. Краток опис на содржината***

Од содржински аспект, покрај Предговорот, ракописот содржи Вовед (Praelectio); четири глави; Библиографија и Биографски податоци за авторот.

Во воведот, со наслов „За кодификациите на Римското право низ неговиот историски развој“, авторот ја дава основата на еден јуриспруденцијален аспект на неговото истражување. Тука тој пишува и за смислата и целта на кодифицирањето на правните прописи, давајќи поширок философско-правен и историски т.е. хронолошки пристап кон темата која ќе биде разработена.

Авторот, следејќи ја традиционалната римска структурологија којашто е присутна во познатите кодификаторски дела, од содржински аспект, целиот труд т.е. „книга“ (liber) - со оглед на ограничениот расположлив простор - го поделил на четири главни дела или т.н. „глави“ (*caput*) означени со римски броеви. Главите се поделени на „оддели“ нумерирани со арапски броеви, кои натаму се делат на „точки“ (означени со букви со една заграда) и „потточки“ (соодветно означени со редни броеви).

Првата глава се однесува на *Leges Regiae – Кралските закони* (Прапочетоците на римското право). Таа е поделена на пет оддели – и тоа: 1. За [не]постоењето на Leges Regiae; 2. За името „Кралски закони“; 3. За природата на Leges regiae; 4. За доносителот/те на Leges regiae; и 5. За структурата на Leges regiae (извадоци од содржината на зачуваните текстови). Тука авторот прави пионерски обид на едно место, на автентичен латински и во превод на македонски јазик, да биде даден најголем дел од зачуваните текстови на Leges Regiae - вкупно 37 фрагменти - а при методолошкото структуирање предност во излагањето им дава најпрво на јавноправните, па потоа на приватноправните одредби.

Втората глава се однесува на *Lex XII tabularum – Законот на 12 таблици* (Првиот пишан римски законик). Таа е поделена на два оддела: 1. Десетмината пишувачи на Законот; и 2. Структурата и текстот на Законот – којашто, понатаму, изворно ги дава сите фрагманти од дванаесетте таблици структурирани според делата на старите автори (од Таблица I до Таблица XII).

Третата глава се однесува на *Codex Theodosianus – Теодосиевиот Законик* (Потценетата предјустинијанова кодификација на римскиот правен поредок на leges). Таа е поделена на седум оддел и тоа: 1. За доносителот на Кодексот; 2. За контекстот, приликите и значењето на Кодексот; 3. За работата на рановизантиските правници при подготовката на Кодексот; 4. За идејата, структурата и содржината на Кодексот; 5. За обемноста на потфатот и за предизвиците при создавањето на Кодексот; 6. За важењето, примената и судбината на Кодексот и 7. Приказ на некои фрагменти од зачуваните текстови на Кодексот (со различни модалитети на цитирање). Тука се опфатени седум точки како приказ на одредени одредби содржани во текст на Кодекот, со наведување на изворот и оригиналот на латински јазик: а) За конституциите и едиктите на Принцепсот; б) За противречните рескрипти; в) За упатствата на Принцепсот; г) За одговорите на учените правници; д) За заштитниците на градовите; ѓ) За религијата; е) Останати одредби.

Четвртата и последна глава се однесува на *Corpus Iuris Civilis Romani – Јустинијановата кодификација* (За контроверзите при нејзиното создавање). Поделена е на четири оддели: 1. За целите на Јустинијановата кодификација; 2. За работата на византиските правници врз Кодификацијата; 3. За структурата на Кодификацијата – која вклучува четири точки: а) Codex, б) Digesta, в) Institutiones, г) Novellae; и 4. За „скратената постапка" при носењето на Дигестите.

## ЗАКЛУЧОК

Учебното помагало „Римско право – практикум" претставува системско дело од областа на милениумскиот период на развој на римската држава и право, што целосно одговара на потребите на студентите за кои е наменет. Според содржината, обемот и структурата авторот се потрудил и успеал во тоа да направи можне илустративен обид за приближување на оваа правно-историска материја до студентите, на мошне разбирлив, среден, јасен и хронолошки систематизиран начин.

Од горенаведено, недвосмислен е заклучокот дека општата педагошка оценка за авторот и ракописот се позитивни, со оглед на богатите научни квалитети и потенцијалот на еден извонреден млад научник како што е Апасиев – па Комисијата заклучува дека приложениот ракопис ги задоволува критериумите за јавно објавување и му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при УГД да го прифати овој позитивен рецензионен извештај за ова учебно помагало и ракописот да го одобри за објавување.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Гоце Наумовски, с.р.**
**Проф. д-р Војо Беловски, с.р.**